ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-211/8**

**Дата: 03.03.2011**

ДО
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразување мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Универзитетската клиника во текот на 2009 година извршила набавка на лекови и медицински материјали во вкупен износ од 132.202 илјади денари. За потребите на осигурениците кои користат интерферонска терапија, набавени се лекови во износ од 121.538 илјади денари, односно 92% од вкупната набавка. Овие лекови се издаваат на пациентите директно од магацинот за лекови, а не во одделенијата.
Со ревизија на приемот, издавањето, потрошокот и евидентирањето на останатите лекови и медицински материјали, кои учествуваат со 8% во вкупните годишни набавки, констатиравме дека испорачаните количини на лекови и медицински материјали од магацинот до организационите единици, материјално и сметководствено се евидентирани во вкупен износ врз основа на месечни извештаи

за вкупно издадените лекови и медицински материјали за сите одделенија. Во одделенијата не се врши материјално задолжување, евидентирањето на потрошокот се врши на издадените фактури за извршени здравствени услуги, поради што нема податоци за состојбата на залиха на лековите и медицинските материјали по секое одделение поодделно.
Ревизијата препорачува да се превземат мерки за воспоставување на целосна материјална и сметководствена евиденција на лековите и медицинските материјали по одделенијата. Потребно е целокупната евиденција да се интегрира и да се поврзе во единствен информационен систем, кој ќе биде мрежно поврзан и тоа помеѓу магацинот за лекови, одделенијата и евиденциите за амбулантско и стационарно лекување.

Универзитетската клиника не располага со имотен лист за дел од градежните објекти кои ги користи за вршење на дејноста, како доказ за запишување на правото на сопственост односно користење и како основ за евидентирање,.
Ревизијата препорачува Универзитетската клиника да продолжи со активностите за обезбедување документи за запишување на правото на сопственост или користење во Агенцијата за катастар на недвижности.

Министерството за здравство, односно Бирото за лекови, на дел од јавните здравствени установи има издадено решенија за вршење на фармацевска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенијата им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на што им се одобрува упис во Централен регистар на РМ.
Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издава во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на универзитетските клиники, клинички и општи болници, здравствените домови.
Законските одредби од Законот за здравствена заштита и Законот за лековите се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките во состав на јавните здравствени установи, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установата.
Согласно наведеното, потребно е установите во соработка со надлежните органи, Министерството за здравство и Бирото за лекови да превземат иницијатива за дополна на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно нивните надлежности и одговорности.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на компонентата на финансиските извештаи од страна 20-22 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетската клиника, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Универзитетската клиника за годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Д-р Вера Петрова, в.д. директор на Универзитетската клиника од 07.07.2008 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитување докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот разгледува интерни контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислењето за ефикасноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.10-26.11.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Цвета Ристовска, советник на ГДР и овластен државен ревизор,
- Билјана Стојановска, виш ревизор и овластен државен ревизор и
- Албане Чупи, ревизор и овластен државен ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

За годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица во Универзитетската клиника, одржан на ден 24.11.2010 година.
На ден 18.02.2011 година примени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор заведени под бр.0402-170/2.
Примените забелешки се разгледани и констатирано е дека забелешките на препораките на точките 3.1.1., 3.1.2., 3.2.4., 3.2.6., 3.3.4. и 3.4.1., претставуваат **известување** за превземените активности по дадените препораки, за дел од нив Универзитетска клиника има доставено дополнителни докази, поради што дел од препораките се менуваат или се додава нов пасус во наодот.
Забелешките на точките 3.2.5., 3.3.1., 3.3.2., 3.3.3., 3.3.5., и 3.4.2. **не се прифаќаат** поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 4.1. Интерни контроли

#### Процес на управување со готовинските средства

4.1.1. Универзитетската клиника нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка на Универзитетската клиника и нивно евидентирање, како приход по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени и по основ на партиципација. Поради отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по овој основ, ревизијата констатира ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и ризик од можни злоупотреби на истите, кој овозможува незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Процес на управување и евидентирање на залихите**

4.1.2. Универзитетската клиника нема пишани процедури за прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите на лекови и медицински материјали во рамките на магацинот за лекови и на секоја организациона единица, што не е во согласност со член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Воспоставената пракса не овозможува целосна контрола при прием, издавање и евидентирање на лековите и медицинските материјали, што предизвикува ризик искажаните податоци во финансиските извештаи да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Универзитетската клиника и нивниот потрошок во текот на годината.

Во текот на ревизијата Универзитетската клиника превзема мерки и отпочна постапка за изработка и донесување на интерен акт/упатство за начинот на примање и издавање на лекови и медицински материјали.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Универзитетска клиника изготвени и доставени се процедури за управувањето со готовинските средства и залихите на лекови и медицинскиот потрошен материјал и тоа: Упатство за наплата на готовински средства на шалтерите на клиниката, уплата на наплатените во благајна и нивниот пренос на сметка на клиниката број 0402-236/2 од 23.02.2011 година, како и Упатство за начинот на примање и издавање на лекови и медицински потрошен материјал број 0402-225/2 од 23.02.2011 година.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетска клиника да превземат активности со кои ќе се овозможи доследно имплементирање на процедурите за управувањето со готовинските средства и залихите на лековите и медицинскиот потрошен материјал.

**Процес на плаќање**

4.1.3. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени пишани процедури за движењето на финансиската документација и одобрување на истата од одговорните лица на субјектот. Дел од документацијата (влезните фактури) не се заведува во деловодникот и истата без доставна книга, директно се распределува за евидентирање во соодветната служба.

Непостоењето на пишани процедури за движење на документација, создава ризик документацијата да не е доставена навремено во

соодветната служба, како и ризик од некомплетно и ненавремено евидентирање на обврските во Билансот на состојба.

**Препорака**:
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да превземат мерки и активности за донесување и имплементација на пишани процедури за движењето на документација како и поделба на надлежности и одговорности на лицата задолжени за контрола.

4.2. **Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Во 2009 година како работоводен орган, директор на Универзитетската клиника именувано е едно лице, вршител на должноста (в.д.) директор од областа на медицината. По истекот на законски предвидениот рок за именување од шест месеци, не е именуван директор, што не е во согласност со член 137-г од Законот за здравствена заштита. Ваквиот начин на раководење не овозможува подеднаква одговорност на две лица во работењето и превземањето на обврските во правниот промет.

**Препорака:**
Универзитетската клиника, во соработка на Министерство за здравство, да превземе мерки за отпочнување постапка за јавен конкурс за именување на директор.

4.2.2. Со ревизија на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметување и плаќање на плати, констатирана е следната состојба:

- основната плата на медицинскиот персонал се зголемува од 1% до 5%, односно од 0,8% до 4%, за работа во услови потешки од нормалните и за работни места кои не се предвидени во Поединечниот колективен договор дел за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата, што не е во согласност со член 13 од истиот. Ваквата состојба е надмината во 2010 година, односно се изготвени решенија со точно утврдени коефициенти за пресметување и исплата на плата,
- не е извршено враќање на работничките книшки на вработените, односно истите претставуваат дел од персоналните досиеја на вработените, што не е во согласност со член 30 од Законот за работни односи;

- не е воспоставен систем на електронска евиденција на полното работно време, што не е во согласност со член 116 од Законот за работни односи.

**Препорака:**
Раководниот орган на Универзитетската клиника да изврши набавка на систем за електронско евидентирање на работното време, а до негово имплементирање да воспостави процедури за евиденција и следење на присутноста на вработените.

4.2.3. Во Правилникот за организација и систематизација на работа и работни задачи на Универзитетската клиника, донесен во 2008 година, предвидена е висока медицинска школа како услов за извршување на работните задачи, само за главната сестра. За останатиот медицински персонал, одделенска медицинска сестра, сестра во интензивна нега, предвидено е како услов само виша или средна стручна спрема, но не и завршено високо образование. Во текот на 2008 година донесена е одлука од страна на Управниот одбор за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места и задачи, согласно која за дел од предвидените работни места за одделенска медицинска сестра, сестра во интензивна нега, услов за извршување на работните задачи е високо образование согласно дел 2 Плати од Поединечниот колективен договор дел за плата, други права по основа на плата и надоместоци на плата. И покрај ваквата одлука, од страна на раководниот орган на Универзитетската клиника не е иницирана измена и дополна на наведениот правилник, што не е во согласност со член 28 од Статутот. Ваквата состојба има за ефект медицинскиот персонал кој има висока стручна спрема и понатаму да прима плата за извршување на работните задачи по коефициент за работно место кое, како услов за извршување на работните задачи, бара средно односно вишо образование.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Универзитетската клиника да превземат активности за реализација на донесените одлуки и нивно имлементирање во работењето на Универзитетската клиника.

4.2.4. Универзитетската клиника нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Универзитетската клиника нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли,

информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, раководниот орган на Универзитетска клиника достави барање до Министерство за здравство број 0302-251/1 од 14.02.2011 година, согласно кое известува за потребата од формирање на единица за внатрешна ревизија.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника во актите за систематизација на работните места да предвиди и да основа Единица за внатрешна ревизија.

4.2.5. Универзитетската клиника во месец април 2009 година склучила Спогодба за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците со Медицинскиот факултет Скопје, со која наставниците и соработниците правата и обврските од работен однос, право на плата и надоместоци на плата, треба да ги остваруваат во двете установи, сразмерно на време поминато на работа во двете установи.

Во текот на 2009 година, наставниците и соработниците, правата за плата и други права по основ на плата ги остваруваат согласно склучениот договор за работа со Универзитетската клиника и немаат склучено договор за вработување и со Медицинскиот факултет, што не е во согласност со член 14 од наведената спогодба.

За вршење на образовната и научноистражувачка дејност на Универзитетската клиника, трансферирани се средства од страна на Медицинскиот факултет во износ од 1.158 илјади денари и истите се исплатени на наставниците и соработниците, како авторски хонорар. Наведената состојба не е во согласност со член 179 од Законот за високото образование. Поради не склучени договори за работа со двете установи и не извршено разграничување на времето поминато на работа на Универзитетската клиника и на Медицинскиот факултет, на оваа категорија вработени, Универзитетската клиника исплатила плата за полно работно време и во исто време и авторски хонорар за часовите на работа поминати на Медицинскиот факултет..

**Препорака:**
Универзитетската клиника и Медицинскиот факултет, да ги продолжат отпочнатите активности за склучување на поединечни договори за вработување

со наставниците и соработниците сразмерно на времето поминато за вршење на соодветната дејност во двете установи.

4.2.6. Универзитетската клиника има ангажирано од 2 до 11 волонтери кои извршуваат работи и работни задачи од редовен работен однос во период и по неколку години. Волонтерите се ангажирани за работни места лекар, медицинска сестра, болнички транспортер и хигиеничар. Ревизијата констатира дека Универзитетската клиника нема утврдено програма за волонтирање, начин и постапка за обезбедување на лицата волонтери, согласно член 6 од Законот за волонтерство. Ангажирањето на лица како волонтери, без утврдена постапка, услови и критериуми за избор, остава простор за субјективно одлучување при избор на лицата и не обезбедува фер конкуренција, односно го крши правото загарантирано со Уставот на Република Македонија, секому под еднакви услови да му е достапно секое работно место.
По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Универзитетската клиника изготвена е и доставена Програма за ангажирање на волонтери за 2011 година број 0402-224/2 од 23.02.2011 година, која треба да се дополни со бројот на лицата кои што ќе бидат ангажирани во текот на 2011 година, како и начинот на нивното ангажирање.

**Препорака:**
Надлежните органи за раководење со Универзитетска клиника да извршат дополнување на наведената Програма за ангажирање на волонтери со бројот на лицата кои ќе бидат ангажирани, како и начинот на нивното ангажирање.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

4.3.1. Врз основа на буџетскиот плафон утврден од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со Одлуката за утврдување на буџетски плафони на ЈЗУ за 2009 година, Универзитетската клиника изработува Финансиски план на одобрените средства за 2009 година (Проекција на приходи и расходи) со утврдени намени за нивно користење. Во текот на 2009 година, поради намален обем на извршени здравствени услуги, од страна на Управниот одбор на ФЗОМ извршено е намалување на буџетскиот плафон на Универзитетската клиника за износ од 18.149 илјади денари, за кој износ не е извршено усогласување на финансискиот план со одобрените средства, што не е во согласност со Законот за буџетите. Ваквата состојба придонесува

Универзитетската клиника да нема увид во наменското користење на средства.
Со измените на Законот за здравственото осигурување, почнувајќи од 01.01.2011 година, се менува системот за финансирање на ЈЗУ, во однос на начинот и роковите на изготвување на годишниот план за приходи и расходи, негово донесување, извршување, изменување и дополнување.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника при секое зголемување или намалување на буџетскиот плафон од страна на Управниот одбор на ФЗОМ, да вршат усогласување на планот на видот и обемот на здравствените услуги.

**Биланс на состојба**

4.3.2. При увидот на актите од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2009 година, ревизијата констатира дека не е извршен целосен попис на залихата на лекови и медицински материјали, односно извршен е попис на залихите во магацинот за лекови и истите со 31.12.2009 година изнесуваат 5.247 илјади денари. На залихата на лекови и медицински материјали по одделенијата не е извршен попис, што не е во согласност со член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници како и одредбата за Попис на средствата, обврските и побарувањата од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници Поради вршење на нецелосен попис на залихата на лекови и медицински материјали во одделенијата, ревизијата не се увери во искажаниот износ на залихите во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да донесе и воспостави процедура за вршење на попис на целокупните залихи на лекови и медицински материјали, со усогласување на фактичката со сметководствената евиденција.

4.3.3. Во деловните книги на Универзитетската клиника искажана е сегашна вредност на градежни објекти во износ од 19.559 илјади денари, согласно Делбениот биланс за извршена делба на имовната актива и пасива од ЈЗУ Универзитетски клинички центар на ново формираните здравствени установи, од 2008 година. За дел од градежните објекти, кои Универзитетската клиника ги користи за вршење на дејноста, не располага со имотен лист како доказ за запишано право на сопственост или користење, како основ за евидентирање, што не е во согласност со член 12 од Законот за

сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 120 од Законот за катастар на недвижности. Ваквата состојба предизвикува вредноста на градежните објекти во финансиските извештаи, да не е реално и објективно искажана.

Во текот на ревизијата, Универзитетската клиника, достави Барање до Агенцијата за катастар на недвижности за обезбедување на документација за запишување на правото на сопственост или користење на градежни објекти.

**Препорака:**

Раководниот орган на Универзитетската клиника да продолжи со активностите за обезбедување документи за запишување на правото на сопственост или право на користење во Агенцијата за катастар на недвижности.

4.3.4. Не е воспоставена евиденција на побарување по основ на пресметана партиципација во организациони единици, поради евидентирање на уплатената партиципација во износ од 6.093 илјади денари, што не е во согласност со член 18 од Договорот за извршување на здравствени услуги, склучен со ФЗОМ. Универзитетската клиника води рачна евиденција на вкупно пресметаната партиципација за 2009 година која изнесува 6.911 илјади денари. Невоспоставената евиденција на пресметаната и наплатената партиципација, придонесува побарувањата и обврските по овој основ да се нереално и необјективно прикажани во финансиските извештаи во износ од 818 илјади денари.

**Препорака:**

Раководителот на сметководство да воспостави сметководствена евиденција на пресметаната и наплатената партиципација во секоја организациона единица поодделно.

4.3.5. Универзитетската клиника во текот на 2009 година извршила набавка на лекови и медицински материјали во вкупен износ од 132.202 илјади денари. За потребите на осигурениците кои користат интерферонска терапија, набавени се лекови во износ од 121.538 илјади денари, односно 92% од вкупните набавки. Овие лекови се издаваат на пациентите директно од магацинот за лекови, а не во одделенијата.

Со ревизија на приемот, издавањето, потрошокот и евидентирањето на останатите лекови и медицински материјали, кои учествуваат со 8% во вкупните годишни набавки, констатиравме дека испорачаните количини на лекови и медицински материјали од магацинот до организационите единици, материјално и сметководствено се евидентирани во вкупен износ врз основа на месечни извештаи за

вкупно издадените лекови и медицински материјали за сите одделенија. Во одделенијата не се врши материјално задолжување, евидентирањето на потрошокот се врши на издадените фактури за извршени здравствени услуги, поради што нема податоци за состојбата на залиха на лековите и медицинските материјали по секое одделение поодделно. Ваквиот начин на евидентирање не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради што Универзитетската клиника нема увид над залихите во секое одделение поодделно, оневозможено е следење на нивното трошење и утврдување на одговорност во случај на отстапување на нивната состојба.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење да превземат мерки за воспоставување на целосна материјална и сметководствена евиденција на лековите и медицинските материјали по одделенијата. Потребно е целокупната евиденција да се интегрира и да се поврзе во единствен информационен систем, кој ќе биде мрежно поврзан и тоа помеѓу магацинот за лекови, одделенијата и евиденциите за амбулантско и стационарно лекување.

### 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2008 и 2009 година, констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки и
- Универзитетската клиника во 2009 година има превземено обврски на име авторски хонорар, за исплата на надоместок на лицата вработени во Универзитетската клиника, а избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет, по претходно склучени месечни договори, без спроведена постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 17 од Законот за јавни набавки.

Недоследното применување на одредбите од Законот за јавните набавки, доведува до примена на необјективни критериуми за избор на најповолен економски оператор, нетранспарентност и повластена положба на одредени економски оператори и можност за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника да ги задолжи вработените, одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и да обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

4.4.2. Универзитетската клиника во 2009 година врши набавки на лекови и медицински потрошен материјал по спроведени постапки за јавни набавки од страна на Јавната установа од областа на здравството за потребите на Јавните здравствени установи универзитетски клиники, Универзитетска клиника и ургентен центар – Скопје (во натамошниот текст Јавна установа), врз основа на склучен Договор за извршување на групна набавка на стоки, услуги и работи. Универзитетската клиника се обврзува да и плати на Јавната установа согласно цените определени во договорите за лекови и медицински материјал склучени со економските оператори.

Со ревизијата на фактурите добиени од Јавната установа е констатирано дека во тековната година не е вршена целосна контрола на фактурираните цени, поради недоставени договори за лекови и медицински материјал склучени помеѓу Јавната установа и економските оператори, спротивно на член 4 од Договор за извршување на групна набавка на стоки, услуги и работи.

За извршените набавки на лековите за интерферонската терапија, односно за 92% од вкупните набавки на лекови се врши контрола на цените согласно склучените договори.

За останатиот дел на набавките на лекови и медицински материјали, односно за 8%, Универзитетската клиника нема определено лица или организациски облик за вршење на работи за реализацијата на договорите, со следење на реализацијата на количините и цените, што не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки, поради што ревизијата не може да се увери во доследноста на реализацијата на овој дел од договорите по количини и цени.

**Препорака:**

Раководниот орган на Универзитетската клиника да назначи лице за следење на реализацијата на склучените договори и контрола на извршените набавки на лекови и медицински материјали, по количини и цени.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради изнесената состојба во точките 4.3.2, 4.3.4. и 4.3.5., која се однесува на не извршен попис на залихата на лекови и медицински материјали по организациони единици, невоспоставена евиденција на побарувања и обврски на пресметаната и наплатената патиципација и невоспоставената материјална и сметководствена евиденција на лековите и медицинските материјали по одделенија, ревизијата не можеше со сигурност да ја потврди состојбата на побарувањата и залихата на лекови и медицински материјали, поради што изрази резерва за реалноста и објективноста на искажаните позиции во Билансот на состојба на ден 31. Декември 2009 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.3.2, 4.3.4. и 4.3.5, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Универзитетската клиника на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која е предмет на ревизија, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитетската клиника, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Министерството за здравство на дел од јавните здравствени установи има издадено решенија за вршење на фармацевска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенијата им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на кое им се одобрува упис во Централен регистар на РМ.
Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издава во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за

постоење на болничка аптека во рамките на универзитетските клиники, клинички и општи болници, здравствените домови.

Ако се имаат во предвид следните аспекти:

- аптеките во Законот за здравствена заштита се предвидени како една од видовите на здравствените установи, самостојна установа, кои се основаат односно организираат за пружање на здравствена услуга, (член 95 од Законот за здравствена заштита),
- аптеката врши фармацевтска здравствена дејност, а особено врши набавка, сместување, чување, издавање, испитување и контрола на лекови, санитетски материјални средства и лековити супстанци, изработува магистрални лекови и галенски препарати, дава упатства за употреба на издадените лекови, набавува и издава средства за детска и диетална исхрана, ортопедски помагала, прибори и медицински инструменти, (член 111 од Законот за здравствена заштита) и
- во аптеките се врши промет на мало со лекови (член 82 од Законот за лековите),

можеме да констатираме дека наведените законски одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките во состав на јавните здравствени установи, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установата.

Согласно наведеното сметаме дека установите во соработка со надлежните органи, Министерството за здравство и Бирото за лекови потребно е да превземат иницијатива за дополна на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно сите права и одговорности.

Имајќи во предвид дека во здравствените установи најголемиот дел од набавките се однесува на лекови и медицински материјали, потребно е во статутот и актот за организација на работата, да се предвидат посебна организациона единица, како и работни места, со соодветна стручна спрема, со работни задачи околу снабдување, сместување, чување, издавање и контрола на лекови.

Универзитетската клиника во Статутот и Правилникот за организација и систематизација нема предвидено посебна организациона единица болничка аптека, за набавка, сместување, чување и издавање на лекови и санитетски материјални средства, ниту работно место со предвидени работи и работни задачи, права и обврски.

6.2. Плаќањето на здравствените услуги од страна на ФЗОМ се врши во висина на вкупниот надоместок утврден со Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита во износ

од 196.584 илјади денари. Во текот на 2009 година, Универзитетската клиника извршила здравствени услуги за осигурени лица на товар на ФЗОМ, во вкупен износ од 206.998 илјади денари, односно 10.405 илјади денари над договорениот вкупен надоместок.

Во деловните книги на Универзитетската клиника побарувањата од Фондот за извршени здравствени услуги во износ 10.405 илјади денари се пренесени како почетна состојба за тековната 2010 година, иако во член 13 од наведениот договор, е наведено ....„Доколку износот на средствата што здравствената установа го фактурирала ..... е поголем од износот на утврдениот договорен износ, здравствената установа го отпишува побарувањето ....„.

Ревизијата смета дека со лимитирање на износот на средства кој ФЗОМ го исплаќа за извршени здравствени услуги, Универзитетската клиника ќе се доведе во ситуација да го ограничи обемот на своето работење преку ограничен прием на пациенти или да врши здравствени услуги кои нема да бидат платени од страна на ФЗОМ со што ќе се намалува ликвидноста и ќе се доведе во прашање нејзиното функционирање, како и други можни последици по установата и пациентите.

## 7. Нагласувања на прашања од неизвесност

7.1. Универзитетската клиника врши набавка на лекови за интерферонска терапија, наменета за пациенти заболени од Мултипла склероза за целата држава. Интерферонската терапија ја одредуваат лекари специјалисти, експерти од областа на мултипла склероза од Универзитетската клиника. Пациентите од цела држава, потребната терапија ја обезбедуваат во просториите на Универзитетската клиника секој месец.

Набавката на оваа терапија се врши преку Клиничката аптека при Јавната установа, во износ од 121.538 илјади денари. Издавањето на овие лекови се врши во амбулантата на клиниката од страна на одговорно медицинско лице, врз основа на претходно обезбедена комплетна документација (здравствена книшка, упат од матичен лекар и здравствен картон за осигуреник).

Надлежните органи за управување и раководење на Универзитетската клиника доставиле Барање до Министерство за здравство, извршењето на овие здравствените услуги, односно обезбедувањето на пациентите со потребната терапија да се врши преку здравствените установи во секој град во Републиката каде има невролошки одделенија. Исто така со оглед на тоа што бројот на ново дијагностицирани болни кои имаат потреба од наведената терапија расте од година во година, а интерферонската терапија во вкупниот буџет за лекови на Универзитетската клиника учествува со околу 80%, директорот на Универзитетската клиника во 2010 година доставил Барање до Министерство за здравство, за формирање на

комисија за независна контрола на индикациите за интерферонската терапија кај болните со мултипла склероза. До завршувањето на ревизијата не е добиен одговор од страна на Министерството за здравство.

7.2. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Програмите се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи, без притоа да се утврди висината на средствата потребни за реализирање на програмата на ниво на секоја јавна здравствена установа одделно. Ваквата состојба овозможува превземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по Програма, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство. Со ден 31.12.2009 година Универзитетската клиника има ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 4.406 илјади денари,

7.3. Како составен дел на реформите во системот на здравството во Република Македонија, започнувајќи од 01.01.2009 година, се воведе нов механизам на евидентирање и финансирање на болничките услуги наречен Дијагностичко сродни групи (ДСГ). Со цел да овозможи поефикасна употреба на ДСГ системот во Република Македонија, од страна на ФЗОМ формирана е Работна група за ДСГ, чија основна задача е да ја следи имплементацијата на системот и да учествува во неговото усовршување и надградба во соработка со сите учесници вклучени во ДСГ имплементацијата.

Со ревизијата на ДСГ системот, ревизијата констатираше дека во 2009 година Универзитетската клиника согласно методата на ДСГ, фактурирала до Фондот износ од 61.268 илјади денари, односно 4.575 илјади денари помалку од реалните трошоци на чинење на здравствените услуги, поради тоа што утврдените референтни цени на здравствените услуги по методата на ДСГ не се на ниво на реалните трошоци на чинење на здравствените услуги. Ваквата состојба влијание и врз утврдувањето на износот на надоместокот за вршење на здравствените услуги во

болничката здравствена заштита за наредната година. Имено, согласно член 4 од Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита, остварената вкупна вредност на видот и обемот на здравствените услуги искажани по ДСГ методата во тековната година е еден од појдовните основи за утврдувањето на износот на надоместокот за наредната година.

Надлежните институции Министерството за здравство, ФЗОМ и клиниките односно ЈЗУ, да превземат иницијатива за измена/усогласување на референтните цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи по методата на ДСГ со реалните цени на лековите и медицинските потрошни материјали потребни за извршување на здравствените услуги. Исто така заради одржливост на системот и негова непречена практична имплементација, несакани последици по клиниките или по пациентите, потребно е да се предложат активности за неговото усовршување и надградба во соработка со сите учесници вклучени во ДСГ имплементацијата.

7.4. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Универзитетската клиника во текот на ревизијата:

- Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2009 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2009 година. Исправките се спроведени со налози за книжење број 0660 од 24.11.2010 година.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 4,271 | 9,004 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 231,047 | 192,368 |
| **Вкупно приходи** | | **235,318** | **201,372** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 54,951 | 52,347 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 166,794 | 141,068 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондо | 3.3.3. | - | 3,284 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **221,745** | **196,699** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 4,399 | 2,383 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **4,399** | **2,383** |
| **Вкупно расходи** | | **226,144** | **199,082** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **9,174** | **2,290** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 9,514 | 28,631 |
| Побарувања | 4.1.2. | 15,566 | 27,491 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 2 | 2 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 1 | 9 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | - | 199 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 37,889 | 44,211 |
| Залихи | 4.1.7. | 5,911 | 4,213 |
| **Вкупно тековни средства** | | **68,883** | **104,756** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2. | 12,342 | 9,547 |
| **Вкупно постојани средства** | | **12,342** | **9,547** |
| **Вкупна актива** | | **81,225** | **114,303** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 37,889 | 44,211 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | - | 26,232 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.3. | - | 2,061 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.4. | - | 317 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 24,767 | 27,524 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **62,656** | **100,345** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 18,569 | 13,958 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **18,569** | **13,958** |
| **Вкупна пасива** | | **81,225** | **114,303** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **9,746** | **4,212** | **-** | **13,958** |
| **Зголемување по основ на:** | **4,626** | **133,014** | **342** | **137,640** |
| Набавки | 4,166 | 133,014 | - | **137,180** |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 342 | - | - | **342** |
| Останати зголемувања (обврска за данок на добивка) | 118 | - | 342 | **118** |
| **Намалување по основ на:** | **1,714** | **131,315** | **342** | **133,029** |
| Амортизација на постојани средства | 1,714 | - | - | **1,714** |
| Останати намалувања | - | 131,315 | 342 | **131,315** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **12,658** | **5,911** | **-** | **18,569** |

Јавна здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0402-170/2
15.02.2011 год.
СКОПЈЕ

КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА

ЈЗУ КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Водњанска 17 · 1000 Скопје · телефон: (2) 3111 904

18.02.2011

08 295/1

**До ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ:** Известување до ДРЗ за Нацрт - **ИЗВЕШТАЈОТ** за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија за 2009

Почитуван ревизорски тим,

Г-ѓа Цвета Риастовска,
Г-ѓа Билјана Стојанвоска,
Г-ѓа Албане Чупи,

Во текот на ревизијата на ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија во Скопје, во целост ги прифативме Вашите препораки и одредени забелешки кои се крајно конструктивни, за изработка и донесување на интерни акти (упатства) за начинот на работење во повеќе сегменти на Клиниката, на пример:

Во однос на **3.1.1.** нашите служби подготвија упаство за пропишување во врска со наплатата на готовински средстава на шалтерите на Клиниката, уплатата на наплатените средствва во благајната и нивниот пренос на сметката на Клиниката. За истата донесена е Одлука на Управниот одбор од 11.02.2011 година (во прилог).

По **3.1.2.** подготвивме упатството за начинот на примање и издавање на лекови и медицински материјал. За истата донесена е Одлука на Управниот одбор од 11.02.2011 година (во (во прилог).

По **3.2.4.** донесена е одлука во Управен одбор за формирање на единица за внатрешна ревизија, истата би се реализирала во соработка на директорт на клиниката со надлежните ресори на Министерството за здравство (за што ќе биде побарано писмено од Министерството за здравство.

По вашите препораки со **3.2.6.** од Вашиот извештај, нашите служби подготвија Упатството за годишен план и програма за волонтери (критериуми за ангажирање на волонтерите, по основ на упразнети работни места и нивен недостаток по профили - лекар, сестра, болничар, хигиеничар). Истата е поминато на стручен колегиум За истата донесена е Одлука на Управниот одбор од 11.02.2011 година (во прилог).

Во делот **3.3.2.** за состојбата на залихи на лекови и медицински потрошен материјал на секое одделение, сметаме дека е направен превид, имено, бидејќи Ви беа доставени поединечни книги - регистрите од **одговорните лица** (одделенски сестри) на секое одделение и во нив има 3 графи со примени, издадни лекови и залиха од останатите лекови согласно со месечниот извештај што го добиваат од патеката. Истата залиха на лекови ќе ја проверува комисијата составена за попис на лековите (во аптека и на одделенијата).

**3.3.5.** за контрола на требуваните лекови и потрошен медицински материјал, рокови, прием, сместување, издавање Ви беше посочено **одговорното лице** што е во нашата аптека. Исто така, тоа лице врши контрола на фактурите за добиените лекови во соработка со лице одговорно од сметководството.
Секој месец се праќа извештај за залихи на лекови и потрошен медицински материјал во ФЗОМ, со тоа сметаме дека се има претстава што е потрошено и што останало на Клиниката.

ЈЗУ КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Водњанска 17 • 1000 Скопје • телефон: (2) 3111 904

По вашиот извештај, по **3.4.1.** во врска со Вашата препорака за регулирањето на работниот однос на лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања, сакаме да Ве известиме дека почнувајќи од 01.01.2011 година со лицата избрани на Медицинскиот факултет во Скопје во наставно-научни и соработнички звања вработени на клиниката, склучени се Анекс договори на постоечките договори за вработување со кои се регулира работниот однос на истите согласно Законот за високото образование (во прилог ви доставуваме прилог од анекс договор).

Во однос на **3.3.1.** за финансискиот план-буџет за 2009 година, износот од 18,149 илјади денари, не е точно дека е намалена поради намален физички обем туку тоа е вишок на средства (заштедени) пренесени од претходните години. Со воведување на трезорскиот начин на работење од 31.12.2010, овие забелешки стануваат безпредметни, трезорскиот систем тековно се контролира од страна на ФЗО и истиот ќе биде квартално усогласен.

Во однос на **3.3.2.**, наредниот попис на лекови и медицински материјали ќе се врши и по одделенија, иако истите се минимални.

3.3.5. за контрола на требуваните лекови и потрошен медицински материјал, рокови, прием, сместување, издавање Ви беше посочено **одговорното лице** што е во нашата аптека. Исто така, тоа лице врши контрола на фактурите за добиените лекови во соработка со лице одговорно од сметководството.
Секој месец се праќа извештај за залихи на лекови и потрошен медицински материјал во ФЗОМ, со тоа сметаме дека се има претстава што е потрошено и што останало на Клиниката.

Во однос на **3.3.3.**, пропустите произлегуваат од 2008 година. За грешки во делбениот биланс на ЈЗУ Универзитетски Клинички Центар-Скопје, грешките се

лоцирани во службите на Министерството за здравство, кои не можат да се спроведат преку Катастар.
Во текот на ревизијата овој проблем е надминат, освен делот во кој имот на Неврологија е заменет по грешка како имот на Психијатрија.

По **3.3.4.**, веќе се воспоставува книговоствена евиденција за 2011 година, за пресметаната и наплатената партиципација по организациони единици.

Во однос на **3.4.1.** веќе е воведена пракса, членовите на комисијата за јавни набавки да дадат писмена изјава за конфликт на интереси.

**3.4.2.** Следењето на извршените јавни набавки по количини и цени се спроведува редоследно преку: стручното лице за јавни набавки, аптека на клиниката, магационер, ликвидатор, материјално книговодство. Лицето е предложено со Систематизацијата на Клиниката, а два пати годишно истото е разгледувано од Управниот Одбор и доставено до Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на РМ.

Скопје
12. 02. 2011

Директор на ЈЗУУ Клиника за неврологија
Проф. д-р Вера Петрова

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Раководното лице, законскиот застапник на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) за 2009 година, на ден 18.02.2011 година достави Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои се заведени под број 0402-170/2 од 15.02.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и констатира дека забелешките на препораките на точките 3.1.1., 3.1.2., 3.2.4., 3.2.6., 3.3.4. и 3.4.1., претставуваат **известување** за превземените активности по дадените препораки, за дел од нив Универзитетска клиника има доставено дополнителни докази, поради што дел од препораките се менуваат или се додава нов пасус во наодот.
Забелешките на точките 3.,2.5., 3.3.1., 3.3.2., 3.3.3., 3.3.5., и 3.4.2. **не се прифаќаат** поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата.

Детални објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение како што следува:

1. Упатената забелешка на **препораката на точка 3.1.1. и 3.1.2.** која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на донесување и воспоставување интерни акти, кои ќе овозможат имплементирање на процедури во процесот на управување со готовинските средства и управувањето и евидентирањето на залихите на лекови и медицински материјали, претставува **известување** за постапување по дадената препорака односно Универзитетска клиника изготви и достави процедури за управувањето со готовинските средства и залихите на лековите и медицинскиот потрошен материјал. Поради наведеното во наодот се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:
   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Универзитетска клиника изготвени и доставени се процедури за управувањето со готовинските средства и залихите на лекови и медицинскиот потрошен материјал и тоа: Упатство за наплата на готовински средства на шалтерите на клиниката, уплата на наплатените во благајна и нивниот пренос на сметка на клиниката број 0402-236/2 од

23.02.2011 година, како и Упатство за начинот на примање и издавање на лекови и медицински потрошен материјал број 0402-225/2 од 23.02.2011 година„.

Препораката на наодот се менува, истата е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

**„Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетска клиника да превземат активности со кои ќе се овозможи доследно имплементирање на процедурите за управувањето со готовинските средства и залихите на лековите и медицинскиот потрошен материјал„.

2. Упатената забелешка на **препораката на точка 3.2.4.** која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на предвидување и имплементирање на Единица за внатрешна ревизија во актот за систематизација на работните места, претставува **известување** дека Универзитетска клиника во актот за систематизација на работните места ќе предвиди Одделение за внатрешна ревизија, за што е пратено известување до Министерство за здравство број 0302-251/1 од 13.02.2011 година. Поради наведеното во наодот се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, раководниот орган на Универзитетска клиника достави барање до Министерство за здравство број 0302-251/1 од 14.02.2011 година, согласно кое известува за потребата од формирање на единица за внатрешна ревизија„.

3. Упатената забелешка на **препораката на точка 3.4.1.** која всушност е забелешка за состојбата утврдена во **точка 3.2.5.**, која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на продолжување на отпочнатите активности за склучување на поединечни договори за вработување со наставниците и соработниците кои вршат високообразовната, научноистражувачката и здравствената, сразмерно на времето поминато за вршење на соодветната дејност во двете установи, односно со Универзитетската клиника и со Медицинскиот факултет Скопје, **не се прифаќа**. Дополнително доставените Анекс договори на постоечките договори за вработување, овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата и со истите не е извршено разграничување на времето поминато на работа во двете установи, со што само се потврдува констатираната состојба во нацрт извештајот.

4. Упатената забелешка на **препораката на точка 3.2.6.** која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на изготвување на програма за волонтирање со утврдени критериуми за ангажирање на

волонтери, претставува **известување** за постапување по препораката. Универзитетската клиника изготви и достави Програма за ангажирање на волонтери за 2011 година број 0402-224/2 од 23.02.2011 година. Доставената Програма за ангажирање на волонтери за 2011 година не содржи опис и број на потребните волонтери за 2011 година, како и начин на избор при нивното ангажирање. Поради наведеното став 2 од препораката на наодот се брише, а во наодот се додава нов став кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

„По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Универзитетската клиника изготвена е и доставена Програма за ангажирање на волонтери за 2011 година број 0402-224/2 од 23.02.2011 година, која треба да се дополни со бројот на лицата кои што ќе бидат ангажирани во текот на 2011 година, како и начинот на нивното ангажирање.„

Препораката на наодот се менува, истата е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

**„Препорака:**

Надлежните органи за раководење со Универзитетска клиника да извршат дополнување на наведената Програма за ангажирање на волонтери со бројот на лицата кои ќе бидат ангажирани, како и начинот на нивното ангажирање.„

5. Упатената забелешка на **точка 3.3.1.** која се однесува на неизвршено усогласување на Финансиски план на одобрените средства за 2009 година со одобрените средства согласно одлуката на Управниот одбор на ФЗОМ за намалување на буџетскиот плафон на Универзитетската клиника**, не се прифаќа**. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби во извештајот, односно во забелешки се наведуваат состојби кои само ја потврдуваат констатираната состојба.

6. Упатената забелешка на **точка 3.3.2.** која се однесува на начин на вршење на пописот, односно дека не е спроведен попис на залихата на лекови и медицински материјали во одделенијата, **не се прифаќа.** Наведената забелешка дека во текот на ревизијата се доставени „Поединечните книги –регистри од одговорните лица„ од секое одделение, се однесува на евиденцијата, а не на пописот на лековите и медицинскиот потрошен материјал и истите овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата, поради што утврдената состојба не се менува.

7. Упатената забелешка на **препораката на точка 3.3.2.** која се однесува на не извршен попис на залихата на лекови и медицински материјали во одделенијата, претставува **известување** дека Универзитетска клиника во

наредниот период ќе превземе активности за вршење на целосен попис.

8. Упатената забелешка на **точка 3.3.3.** која се однесува на тоа дека за дел од градежните објекти, кои Универзитетската клиника ги користи за вршење на дејноста, не располага со имотен лист како доказ за запишано право на сопственост или користење**, не се прифаќа**. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во забелешки се наведуваат причините за констатираната состојба, кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата.

9. Упатената забелешка на **точките 3.3.4.** која се однесува на невоспоставена евиденција на побарување по основ на пресметана партиципација во организациони единици, претставува **известување** за спроведени финансиски трансакции во 2011 година, истите имаат влијание и ќе бидат дел од финансиските извештаи за 2011 година.

10. Упатената забелешка на **точка 3.3.5.** која се однесува на начин на евиденција на лекови и медицински материјали, односно невоспоставена евиденција на залихите во секое одделение одделно**, не се прифаќа**. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби во извештајот, односно во забелешки се наведуваат состојби кои овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата.

11. Упатената забелешка на **точките 3.4.1.** која се однесува на не спроведување на дел од постапките согласно Законот за јавните набавки, односно дека членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси, претставува **известување** за постапување во наредната година односно во 2011 година.

12. Упатената забелешка на **точка 3.4.2.** која се однесува на тоа дека во тековната година не е вршена целосна контрола на цени за набавките на лекови и медицински материјали, согласно цените од склучените договори и тоа за 8% од вкупните набавки, **не се прифаќа**. Наведената забелешка дека следењето на извршените набавки на лековите се врши од стручно лице, ја потврдува констатираната состојба во извештајот, односно дека за интерферонската терапија која учествува со 92% во вкупните набавки на лекови, се врши контрола на цените согласно склучените договори.